ЛГБТИКА+ Стратегија

‘Нашите тела, нашите полови и нашите врски’

Верзија 1.0 – Јуни 2020
Macedonian | Македонски

ndis.gov.au

ndis

June 2020 | NDIA’s LGBTIQA+ Strategy

Содржина

Стратегија на Националната осигурателна агенција за лица со попреченост припадници на заедницата ЛГБТИКА+

1. Вовед 3
2. Што слушнавме 4
   - 2.1 Нашите тела 4
   - 2.2 Нашите родови 4
   - 2.3 Нашите врски 4
   - 2.4 Крстопат 4
3. Што имаме направено досега 5
4. Нашата намера 7
   - 4.1 Подобрување на нашата организациска култура и ставови 7
   - 4.2 Подобрување на нашиот пристап кон ангажман 8
   - 4.3 Зголемена застапеност и учество 8
   - 4.4 Подобрување во прибирање и проценка на податоци 8
5. Детални приоритетни дејствија 8
6. Мерење на влијанието 12
7. Благодарност 13
8. Додаток– Речник 14

NDIA ги препознава традиционалните старатели на земјата низ Австралија и нивната непрекината врска со земјиштето, морето и заедницата. Им оддаваме почит нив и на нивните култури и на Старателите од минатото, сегашноста и на новите што се појавуваат.

1. Вовед

Нациналната осигурателна агенција за лица со попреченост (Агенцијата или NDIA) е посветена на тоа да се осигура дека лезбејките, геј мажите, бисексуалците, трансродовите лица , интерсексуалците, родово квир лицата и оние што се прашуваат што се, и асексуалците (ЛГБТИКА+) со попреченост (видете го **Додатокот 1 – Речник** за целосни дефиниции) имаат еднакви и правични шанси да бенефицираат од светски водечката Национална осигурателна програма за лица со попреченост (NDIS).

NDIA покани главни врвни организации и учесници во серија на работилници да дискутираат пристап до, и искуство од, NDIS за лица со попреченост припадници на ЛГБТИКА+ заедниците. Базирано на овој придонес и мислењата дадени во анкетата за учесници, Агенцијата ја разви ЛГБТИКА+ Стратегијата (Стратегијата), за решавање на предизвиците и зацврстување на можностите за лицата кои се припадници на ЛГБТИКА+ да можат да постигнат најдобри исходи од нивниот NDIS план.

Стратегијата се стреми да обезбеди безбедност за сите учесници без оглед на која култура припаѓаат и да создаде средина која е духовно, социјално, емоционално и физички безбедна. Културолошка безбедност е взаемна почит, споделување на значење, споделување на знаења и искуство од учењето заедно.[1]

Стратегијата се фокусира на тоа да се осигура дека NDIS е спроведена на начин кој ги почитува и ги зема во предвид социјалните, културолошките, јазичните и телесните, родовите, сексуалните, потребите и квалитетите, како и потребите и квалитетите за врски на индивидуалците припадници на ЛГБТИКА+ заедницата, за да го осигура нивното потполно учество во NDIS. Тоа е во согласност со моменталната работа од страна на други оддели на Комонвелтот и државните влади.

Оваа стратегија ја подржуваат вообичаените принципи кои се однесуваат на вклученост на лицата и личните права, што значи дека секој учесник треба да биде:

- Третиран со достоинство и почит;
- Прифатен, без предрасуди или страв од однесување со непочит;
- Разбран дека има автономија врз сопственото тело и како е тоа опишано
- Да биде почитуван за сопствените избори, потреби и врски и да не биде испрашуван со наметливи прашања.

NDIA идентификува четири Стратегиски цели и 11 Приоритетни акции за спорведување на Стратегијата.

[1] Текстот произлегува од Williams, R. (1999). Cultural safety – what does it mean for our work practice? Australian and New Zealand Journal of Public Health, 23(2), 213-214.

2. Што слушнавме

Тема која редовно ја слушавме во текот на нашите работилници и ангажмани со акционерите на ЛГБТИКА+ и учесниците беше:

“Не зборувајте со нас како да сме кратенка. Зборувајте за нашите тела, нашиот род и нашите врски.”[2]

Ова ја одразува важноста на јасен и разбирлив пристап кога гледаме да го подобриме искуството на учесниците од ЛГБТИКА+ заедницата, и тоа е начинот на кој NDIA ја подготви оваа стратегија.

2.1 Нашите тела

“Ние сме тие кои одлучуваат како се третираат нашите тела, и начинот на кој тие се опишани.”

NDIA ќе ги почитува зборовите кои ги користат лицата кога зборуваат за нивните тела, сексуалната определеност, сексуалните карактеристики и родовиот идентитет.

2.2 Нашите родови

“Не секој кој се идентификува како ‘Квир лице’ е поврзан со ЛГБТИКА+ заедницата. Јас не сум претлатник на бинарни родови идентитети како ‘него’ или ‘неа’ – прашајте ме како би сакал да ми се обратите.”

NDIA препознава дека постојат различни начини на кои луѓето го разбираат, опишуваат и отелотворуваат родот и дека ова има длабока поврзаност со здравјето, благосостојбата, само-изразувањето и само-определувањето. NDIA потврдува дека биолошките полови карактеристики на лицата не го одредуваат нивниот родов идентитет.

2.3 Нашите врски

“Да можам да имам слики од мене и од мојот поранешен партнер на ѕидот без страв дека персоналот од работа кој ме посетува дома ќе ме осуди негативно. Да не морам да се само-цензурирам со персоналот од работа би било олеснување.”

NDIA се обврзува да ги потврди врските на оние кои учествуваат во NDIS без предрасуди или осудување и да препознае дека сите врски се важен дел од богато разновидната ЛГБТИКА+ заедница.

2.4 Крстопат

Крстопатот опишува како различни делови од идентитетот и околностите на личноста – како возраста, расата, културата, попреченоста, родот, локацијата, или религијата – се раскрснуваат и комбинираат во обликувањето на индивидуалните животни искуства на лицата, вклучувајќи ја и дискриминацијата [3].

---

[2] Цитатите користени во оваа стратегија беа од анкета споведена од National LBGTI Health Alliance , учесници во работилница од ЛГБТИКА+ заедниците и други извори.
[3] LGBTIQ Inclusive Language Guide (2019) p7 Victorian State Government. .

NDIA ги препознава уникатните предизвици со кои се соочуваат припадниците на ЛГБТИКА+ заедницата, Аборијаните и жителите на островите во Torres Strait и лицата од различно културно и јазично потекло со попреченост , и ја препознава потребата за културно соодветна поддршка и безбедност.

3. Што имаме направено досега

Веќе се превземени низа на активности за подобрување на искуството на учесниците припадници на ЛГБТИКА+ заедницата кои имаат значително влијание.Нашата Стратегија ќе се гради на овие основи за да осигура најдобри исходи за учесниците од ЛГБТИКА+ заедниците.

Табела 1

Акција	Влијание
ЛГБТИКА+ обука за културна свест	Во 2019 година, Агенцијата го објави модулот за Cultural Awareness Training module, Celebrating Diversity: LGBTIQA+ Inclusion (Обука за културна свест, Славејќи ја различноста: Вклучување на ЛГБТИКА+ заедницата) . До март 2020, 6975 вработени и партнери на NDIA ја завршија обуката. Во тек е и припрема на вебинар за сите вработени кои даваат услуги, кој беше фокусиран на вклученост на ЛГБТИКА+ заедницата на работно место. Зголемувањето на сатисфакцијата на учесниците ќе биде измерена преку резултати од анкета, бројот на поплаки и побарувања за непланирана ревизија (со исклучок на промена на околности).
Насочена иницијатива на NDIA за вклучување во заедницата	Од октомври 2019, тимови за вклучување во заедницата се фокусираат да се осигураат дека ЛГБТИКА+ заедниците се свесни за, и се чувствуваат безбедно да имаат пристап и да го користат NDIS. Ова ги вклучува воспоставувањето и зајакнувањето на врските со клучните акционери на ЛГБТИКА+ заедницата, презентации, состаноци и учество во настани за гордост. Ефективноста од ангажманот на заедницата ќе биде измерена преку бројот на настани во кои ќе учествува Агенцијата и од новите теми и трендови од ангажманот на клучните акционери.
Информации, врски и градење на капацитет (ILC)	Во последниот круг доделување на субвенции за ILC, 10 организации добија парични средства за инцијативи специфично наменети за лица со попреченост од ЛГБТИКА+ заедниците, вклучувајќи:

Акција	Влијание
	• Inclusion Melbourne - кои подготвуваат достапни информации за да ја поддржат вклученоста на припадниците на ЛГБТИКА+ заедницата до општи услуги. • Raising Children Network – кои креираат онлајн материјали за поддршка на родители и семејства, вклучувајќи и ЛГБТИКА+ родители Ефективноста ќе биде мерена преку ILC извештаи за проценка.
Промоција на значајни денови за ЛГБТИКА+ заедницата	NDIA ги искористи можностите активно да учествува во значајни настани од календарот на ЛГБТИКА+ заедницата за подигнување на свеста и промоција на вклученост, преку ширење на разни NDIA брендирани ЛГБТИКА+ фокусирани материјали. NDIA беше активно присутна на: • Парада Марди Гра, 2017, 2018 и 2019. • Меѓународен ден против хомофобија, трансфобија и бифобија (IDAHOBIT), мај 2019. • Wear it Purple Day, август 2019. • Geelong Rainbow Festival Fair Day, февруари 2020. • ChillOut Festival, март 2020.
NDIA мрежа на партнери	Воспоставена е NDIA LGBTIQA+ Allies Network (Мрежа на партнери за NDIA ЛГБТИКА+ заедниците) за вработените да обезбедат стручно знаење и да споделат искуства, и за понатамошна поддршка на лица кои се идентификуваат со ЛГБТИКА+ заедниците. Ефективноста ќе се мери преку резултати од годишен попис во врска со разновидноста и било какви теми кои се презентирани од мрежата.

4. Нашата намера

За да се осигура Агенцијата дека им служи на учесниците припадници на ЛГБТИКА+, нивните семејства и заедниците достоинствено, нашата Стратегија има четири стратешки цели:

- **Подобрување на нашата организациска култура и ставови** преку поголема компетентост и пракса на сите вработени во NDIA, партнери и даватели на услуги.
- **Подобрување на нашиот пристап кон вклученоста** преку блиска соработка со учесници припадници на ЛГБТИКА+ заедницата, врвни тела, заедници, поширокиот сектор на лица со попреченост и сите влади за подобро да одговориме на потребите на лицата со попреченост припадници на ЛГБТИПА+ заедниците.
- **Зголемено застапување и учество** на учесниците од ЛГБТИКА+ преку прилагодени и културно соодветни информации, промовирање на целосно инклузивна поддршка и обезбедување на културно безбедни можности за давање на мислење.
- **Подобрување во прибирање и проценка на податоци** за подобро разбирање на разновидноста и искуството на учесниците кои ја користат Програмата и проценување на влијанието на дејствијата кои ги превземаме за подобрување со текот на времето.

4.1 Подобрување на нашата организациска култура и ставови

Преку поголема компетентност и пракса на сите вработени во NDIA, партнери и даватели на услуги.

ЛГБТИКА+ лицата со попреченост ни кажаа кои се нивните грижи околу ставовите и односот за невклученост на лица и организации вклучени во NDIS. NDIA е јасна дека било каква намерна или ненамерна предрасуда не е прифатлива и разбира дека негативните искуства влијаат дали или не лицето ќе пристапи на Програмата и какво ќе биде нивното искуство од истата.

NDIA исто слушна дека лицата од ЛГБТИКА+заедниците со попреченост бараат повеќе избор за начинот на кој ги обелоденуваат нивните лични податоци; чувствуваат дека давателите на услуги често прашуваат премногу несоодветни или наметливи прашања; и се фрустрирани поради тоа што треба да ги ‘едуцираат’ луѓето околу разновидноста на изразување за врски, полови карактеристики, полови и родови идентитети.

4.2 Подобрување на нашиот пристап кон ангажман

Преку блиска соработка со учесници од ЛГБТИКА+ заедниците, врвни тела, заедниците, поширокиот сектор за лица со попреченост и сите влади за подобро да одговориме на потребите на лицата со попреченост припадници на ЛГБТИКА+ заедниците.

Лицата со попреченост припадници на ЛГБТИКА+ заедниците ни кажаа за нивните разновидни искуства при разбирањето и вклучувањето во NDIS и клучните организиции изразија желба за блиска соработка со NDIA за да се задоволат потребите на нивните акционери.

4.3 Зголемена застапеност и учество

Преку прилагодени и културно соодветни информации, промоција на целосно инклузивни поддршки и културно безбедни можности да се даде мислење

Ние разбираме дека NDIA треба да обезбеди информација и поддршка која ја одразува и почитува разновидноста на учесниците и заедниците на ЛГБТИКА+

4.4 Подобрување во прибирање и проценка на податоци

За подобро да се разбере разновидноста и искуството на учесниците кои и пристапуваат на Програмата и да се процени влијанието на дејствијата кои ги превземаме со цел да се подобриме со текот на времето.

Тешко е да се добие точна претстава за бројот на лицата со попреченост кои се припадници на ЛГБТИКА+ заедниците во Австралија поради недостиг на собирање на податоци за населението на национално ниво со соодветни ставки за податоци.[4] Ние сме посветени на подобрување на системите на NDIA и процесите на собирање на податоци, следење и проценка на соодветните податоци за решавање на проблемот, имајќи во предвид дека структурираните податоци ќе земат време за да се дефинираат, соберат и анализираат.

5. Детални приоритетни дејствија

Приоритетните дејствија кои ги опишавме се специфичните промени кои ќе ги направиме за да ги достигнеме нашите стратешки цели, внимателно усогласени со утврдените вредности на NDIA и како одраз на мислењата кои ги добивме од нашите клучни акционери во текот на консултацијата. Со спроведување на приоритетните дејствија на учесниците на NDIS кои се идентификуваат со ЛГБТИКА+ заедниците ќе им биде дадена можност да ги постигнат нивните цели во вработување, образование и социјално учество.

[4] Australian Institute of Health and Welfare 2018. Australia's health 2018. Australia's health series no.16. AUS 221. Canberra: AIHW

Табела 2

Акција	Резултати	Завршено до
Подобрување на нашата организациска култура и ставови		
1. Воспоставување на ЛГБТИКА+ советодавна група	Воспоставена работна група за да обезбеди тековни консултации за испорака на стратегии и проценка	Октомври 2020
	Започнавме со тримесечни работни сесии за да го дискутираме напредокот и да споделуваме идеи/проблеми	Ноември 2020
2. Подобрување на вклученоста за да: • **Нашиот персонал во првите линии разбере како да комуницира со почит со учесниците од ЛГБТИКА+заедниците.** • **Дека регистрираните даватели на услуги ја разбираат Стратегијата на Агенцијата за ЛГБТИКА+ заедниците и очекувањата за тоа како да комуницираат со почит со учесниците на ЛГБТИКА+заедниците**	Спроведовме ревизија на користењето на Агенцијата на 'ЛГБТИКА+ Инклузивна Алатка за Ревизија за Работа' од Rainbow Health Victoria	Декември 2020
	Ажурирано Celebrating Diversity (Славењето на разновидноста): ЛГБТИКА+ онлајн обуката од 'препорачана' на 'задолжителна'	Јули 2020
	80% од вработените ја завршија обуката	Декември 2020
	Потврда дека PITC ја заврши онлајн обуката на Агенцијата за LGBTIQA+ Cultural competency (ЛГБТИКА+ Културна компетентност) или да покаже доказ за завршена еквивалентна обука	Март 2021
	Давање на електронска копија од ЛГБТИКА+ Стратегијата на сите регистрирани даватели на услуги	Јули 2020
3. Воспоставување на препознат ЛГБТИКА+ Шампион поставен на висок степен на извршна власт.	Потврден е ЛГБТИКА+ Шампионот	Август 2020
	Присуствувал на најмалку еден настан како ЛГБТИКА+ Шампион на NDIA	Декември 2020
	Присуствувал на најмалку еден состанок на ЛГБТИКА+ работната група	Декември 2020

Подобрување на нашиот пристап кон анагажман		
4. Изготвување на план за комуникација и анагажман со ЛГБТИКА+ заедницата.	Краен план за комуникација и ангажман	Септември 2020
5. Спроведување на доверлива онлајн анкета за учесници кои се идентификуваат како ЛГБТИКА+ за подобро да се разбере нивното искуство со NDIS и да се идентификуваат потребните понатамошни подобрувања.	Додадени прашања во анкетата на учесници на Агенцијата за да се долови искуството на ЛГБТИКА+	Ноември 2020
	Направени основни задоволителни резултати на ЛГБТИКА+ заедницата	Јануари 2021
	Извештајот приготвен и доставен	Март 2021
Зголемена застапеност и учество		
6. Да се обезбедат културно соодветни внатрешни и и надворешни информации и извори на информации во Агенцијата за ЛГБТИКА+ лица со попреченост и заедниците.	Дефинирани принципите за пишување и комуникација инклузивно во рамките на стилот на упатствата на Агенцијата	Септември 2020
	Сите надворешни документи да бидат разгледани и ажурирани по потреба	Февруари 2021
	Сите внатрешни документи да бидат разгледани и ажурирани по потреба	Февруари 2021
7. Да се осигура дека механизмите за мислења, ревизија и поплаки се културно безбедни со тоа што ќе можат да бидат доверливи.	Механизмите за мислења, ревизија и поплаки имаат опција за ‘претпочитам мојот одговор да биде доверлив’ во опцијата за поднесување	Март 2021
8. Да се направи функција за пребарување за учесниците да идентификуваат кои локални услуги имаат капацитет да обезбедат пријателска поддршка на ЛГБТИКА+	Ќе се спроведе физибилити студија за развој на спроведената функција	Декември 2021
	Направен прототип на функција и спроведен (предмет на спроведливост)	Декември 2022

9. Во согласност со ILC Investment Strategy (Стратегија за инвестирање на ILC за 2019-2020, продолживме да инвестираме во активности на ILC кои се наменети за лицата со попреченост од ЛБТИКА+ заедниците и го проценуваат влијанието.	ILC Investment Strategy (Стратегија за инвестирање и проценка)	Во тек

Подобрување во прибирањето и проценката на податоците

10. Ажурирање на системите за податоци на NDIA за да вчитуваат точни информации, и да се осигура дека само-описот, статусот и родовите опции за учесниците се во согласност со тие од другите владини оддели на Комонвелтот.	Бизнис системите на NDIS можат да бидат пребарувани за податоци во врска со ЛГБТИКА+ лицата со попреченост	Декември 2021
	NDIA го подобрува прибирањето на податоци соодветно за ЛГБТИКА+ групата, кое им овозможува подобрување на мерењето на бројот на учесници од ЛГБТИКА+заедниците, нивното искуство со NDIS и влијанието на програми или ангажмани водени од Агенцијата	Декември 2021
11. Правење на анализа на моментално достапни податоци и барање на информации од ЛГБТИКА+ заедницата да направат снимка од учесниците од ЛБТИКА+ во Програмата.	Прибираните податоци анализирани и извештајот изготвен	Декември 2021

6. Мерење на влијанието

При доставувањето на Priority Actions (Приоритетни дејствија) наведени погоре, успехот на оваа стратегија ќе биде мерен според:

- Стапката на задоволство од нашата ЛГБТИКА+ група во или над просекот на Агенцијата
- Учеството на ЛГБТИКА+ групата во или над просекот на Агенцијата:

Учесници во стабилен работен однос (за оние на работоспособна возраст) до 2023

Учесници вклучени во социјални и активности во заедницата до 2023

Да се достигне напредок во однос на овие ставки, NDIA има намера да го заврши следното:

До декември 2020

- Започната ЛГБТИКА+ советодавна група
- Финализиран планот за комуникација
- Оценети нашите вклучителни пракси
- Учествувано во четири настани во заедницата на национално ниво
- Доставување на ЛГБТИКА+ Стратегијата на нашите Partners in the Community (PITC) (Партнери во заедницата - PITC)
- Одреден ЛГБТИКА+ Шампион на ниво на SES

До декември 2021

- Направена основа за анкета за задоволство за ЛГБТИКА+ групата
- Сите внатрешни и надворешни документи разгледани и ажурирани за застапеност на ЛГБТИКА+ заедниците
- Финализирани механизми за доверливи поплаки и мислења
- Завршена онлајн обука од страна на PITC за културните способности во ЛГБТИКА+ заедниците
- Извештај за доверлива анкета на учесниците
- Започната физибилити студија која им овозможува на учесниците да имаат функција за барање и идентификување на пријателска поддршка за ЛГБТИКА+
- Финализирани системите за податоци на NDIA да можат да ги прибираат опциите за род и статус на учесниците
- Финализирана ЛГБТИКА+ слика со учесници на NDIS

7. Благодарност

NDIA се консултира со (и и е дадена непроценлива поддршка од) следниве специјализирани организации од секторот:

- Bisexual Alliance Victoria
- Black Rainbow
- Family Planning NSW
- First Peoples Disability Network
- Gay and Lesbian Health Victoria -GLHV на Australian Research Centre in Sex, Health & Society - ARCSHS на La Trobe University
- National Association of People Living with HIV/AID Australia -NAPWHA
- National Ethnic Disability Alliance-NEDA
- National LGBTI Health Alliance
- Intersex Human Rights Australia
- People with Disability Australia
- Positive Life NSW
- Pride Foundation Australia (претходно позната како GALFA)
- Rainbow Rights and Advocacy
- Sydney & South Western Sydney Local Health Districts
- Victorian Commissioner for Gender and Sexuality
- Victorian Department of Health and Human Services Diversity Unit
- Women with Disabilities Australia
- WWILD Sexual Violence Prevention Association.

NDIA исто така би сакала да им даде признание и на поединци учесници кои ги споделија нивните приказни преку анкетата и во нашите работилници. Поединците не се именувани поради приватност, меѓутоа ова не ја намалува нивната улога во подготвувањето на Стратегијата. Нивните мислења за Стратегијата се непроценливи, и им се заблагодаруваме за нивното време и посветеност.

8. Додаток– Речник

LGBTIQA+ (ЛГБТИКА+) ‘ се однесува на широка колекција на заедници и население, кои вклучуваат лица кои живеат со попреченост. Буквите од кратенката се однесуваат на:

- **Лезбејка:** Жени чија примарна емоционална и сексуална привлечност е спрема друга жена.

- **Геј:** Лице чија примарни емоционална и сексуална привлечност е спрема лица од истиот пол. Овој термин најчесто се користи за мажи, иако некои жени и не-бинарни лица го користат.

- **Бисексуалец:** Лице кое е сексуално и/или емоционално привлечено кон лица од повеќе полови или родови.

- **Транс и полово различни лица (TGD):** Чадор термин користен за да се опишат лица чиј родов идентитет или израз е различен од оној кој го имале при раѓање, или кој се очекува од нив од општеството. Овде спаѓаат лица кои се идентификуваат како: транс, трансродови, транссексуалци,родово квирови (genderqueer), небинарни, крос-дресери, сестрички (Sistergirls), братчиња (Brotherboys), и други културно специфични идентитети, како и разновидидност на други родови етикети. TGD- лицата може или можеби нема да ги искористат услугите за транзиција по медицински пат. Ова е различно за секој и нема услов за транзиција по медицински пат со цел да се биде трансродов и/или родово разновиден.

- **Интерсекс:** Интерсексуалните лица се родени со полови карактеристики (вклучувајќи гениталии, репродуктивни органи и модели на хромозоми) кои не одговараат на типичните или очекуваните бинарни поими за машки и женски тела. Интерсекс е чадор термин кој се користи да се опише широк спектар на природни телесни варијации. Во некои случаи, карактеристиките на интерсексуалните лица се видливи при раѓање, додека во други случаи не се очигледни се до пубертетот. Некои хромозомски интерсексуални варијации можеби нема да бидат физички очигледни при раѓање и можеби нема да бидат идентификувани се до пубертот, или покасно во животот кога се започнува семејство.

- **Родово квир лица (Queer):** Чадор термин кој вклучува низа разновидни полови или родови идентитети, вклучувајќи геј, лезбејки, бисексуалци и трансродови и други лица.

- **Асексуалци:** Асексуални лица се лица кои не искусуваат сексуална привлечност. Асексуалните лица имаат исти емоционални потреби како и сите други и се исто така способни како и сите други да формираат интимни врски. Постои значителна разновидност во асексуалната заедница – секоја асексуална личност ги искусува нештата како врски, привлечност и возбуда малку поинаку.[5]

- Симболот ‘**+**’ означува дека ниту една кратенка не може да ја опфати целосната и богата разновидност во животите на луѓето и нивниот идентитет.

[5] Asexual Visibility and Education Network

Контактирајте не

NDIA ја цени вашата повратна информација за нашата ЛГБТИКА+ Стратегија. За повеќе информации во врска со оваа публикација, контактирајте не на enquires@ndis.gov.au